**20222022830**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 септември 2022 година донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството („Службен весник на Репубика Северна Македонија“ бр. 91/22, 141/22 и 191/22) во дел I, став (2), во табелата, во мерка 1., во делот „Име на мерка“ зборот „поледелското“ се заменува со зборот „растителното“.

II

Во делот II став (1) во табелата во точка 1 зборот „поледелското“ се заменува со зборот „растителното“.

По подмерката 1.2. се додаваат три нови подмерки 1.3., 1.4. и 1.5 кои гласат:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Финансиска поддршка за произведена и продадена зелка кај регистрирани откупувачи за период од 13.4.2022 година до 7.5.2022 година | 1. Корисници на оваа подмерка се регистрираните земјоделски стопанства кои во производната 2022 година имаат производство на зелка и истата ја имаат предадено на регистрирани откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кој се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, и тоа за максимална предадена количина на зелка од 30.000 кг по хектар пријавена површина.<br><br>2. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм произведена и продадена зелка. |
| 1.4. | Финансиска поддршка за трошоци за набавка на вештачки ѓубрива во производство на пченица и/или јачменза основно ѓубрење | Корисници на оваа подмерка се:<br>земјоделски стопанства кои во есен 2022 година (во периодот од 22.9.2022 година до 22.12.2022 година) имаат засеани површини со пченица и/или јачмен и во периодот од 1.8.2022 година до 31.10.2022 година имаат набавено вештачки ѓубрива за тие посеви, во количина од најмалку 200 кг по хектар за пченица и/или јачмен,<br>земјоделски стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија кои во есен 2022 година (во периодот од 22.9.2022 година до 22.12.2022 година) имаат засеани површини со пченица и/или јачмен за производство на сертифициран семенски материјал |

| | | |
|---|---|---|
| | | и во периодот од 1.8.2022 година до 31.10.2022 2022 година имаат набавено вештачки ѓубрива за тие посеви, во количина од најмалку 200 кг по хектар за пченица и/или јачмен.<br><br>Висината на финансиската поддршка изнесува 3.000 денари по хектар за трошок за набавка на вештачки ѓубрива. |
| 1.5. | Финансиска поддршка за произведена и предадена слива кај регистрирани откупувачи за период од 20 август 2022 година до 30 септември 2022 година | Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства кои во производната 2022 година имаат овошен насад од слива и истата ја имаат предадено на регистрирани откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кој се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, и тоа за максимална предадена количина на сливи од 17.000 кг по хектар пријавена површина.<br>Висината на финансиската поддршка за откупена слива во месец август изнесува 2 денари по килограм.<br>Висината на финансиската поддршка за откупена слива во месец септември изнесува 4 денари по килограм. |

"

III

Во делот IV по ставот (6) се додаваат пет нови става (7), (8), (9), (10) и (11)кои гласат:

„

(7) Финансиската поддршка од дел II став (1) мерка 1.3. „Финансиска поддршка за произведена и продадена зелка кај регистрирани откупувачи за период од 13.4.2022 година до 7.5.2022 година" ќе се врши врз основа на доставените податоци од регистрираните откупувачи во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кој се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, а кои од страна на Државниот инспекторат за земјоделство по извршените контроли најдоцна до 31 октомври се доставуваат до Агенцијата.

(8) Финансиската поддршка од дел II став (1) мерка 1.4. „Финансиска поддршка за трошоци за набавка на вештачки ѓубрива во производство на пченица и/или јачмен" ќе се врши врз основа на поднесени барања за финансиска поддршка и доставени докази за набавеното вештачко ѓубре, до Агенцијата.

(9) Во прилог на барањето од ставот (8) на овој дел барателот ги доставува следните документи:

- фискална сметка со пропратен документ за идентификација за припадноста на фискалната сметка (сметкопотврда или испратница) каде е назначен видот на вештачкото ѓубре и количината изразена во килограми/литри или

- фактура со испратница каде е назначен видот на вештачкото ѓубре и количината изразена во килограми/литри, вклучително и доказ за извршено плаќање по фактура или договор склучен помеѓу барателот и продавачот на ѓубре за начинот на плаќање на фактурата.

(10) Административните проверки и контроли потребни за реализација на финансиската поддршка од делот II став (1) мерка 1.4. „Финансиска поддршка за трошоци за набавка на вештачки ѓубрива во производството на пченица и/или јачмен" се вршат врз основа на податоци евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

Вкупниот максимален износ на финансиска поддршка за мерка 1.4. „Финансиска поддршка за трошоци за набавка на вештачки ѓубрива во производство на пченица и јачмен" изнесува 3.000.000 денари по корисник.

(11) Финансиската поддршка од дел II став (1) мерка 1.5. „Финансиска поддршка за произведена и предадена слива кај регистрирани откупувачи за период од 20 август 2022 година до 30 септември 2022 година“ ќе се врши врз основа на доставените податоци од регистрираните откупувачи во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, кој се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, а кои од страна на Државниот инспекторат за земјоделство по извршените контроли, најдоцна до 31 октомври се доставуваат до Агенцијата.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7929/1
13 септември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.